

***На 7 октомври 2022 година, Македонското литературното друштво „Григор Прличев“ во просториите на истоимената библиотека во Анклиф-Сиднеј ги промовираше книгите „Творештвото на Славе Катин(Првото и Второ проширено издание) “ од поетот, драматург, публицист, основач и претседател на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј Душан Ристевски-Македон. Пред голем број присутни Македонци од сите делови на Македонија и гости од австралиското општество, за делата зборуваше почесниот претседател на Македонскиот просветно-училишен одбор на Нов Јужен Велс господинот Тоде Кабровски***

Инаку, публикациите *„Творештвото на Славе Катин“ (Првото и Второ проширено издание)* од Душан Ристевски-Македон *с*е дела на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, Република Македонија и на Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, Австралија, спонзорирани од фондацијата „Ѓорѓија-Џорџ

Атанасоски“ од Прилеп, издадени во 2021 и 2022 година, Овие се дела за Славе Катин и неговиот повеќегодишен ангажман во проучувањето на македонското иселеништво, кое доведе до публикување на вака бројни трудови од оваа област. Тие покажуваат дека Славе Катин е исклучително голема, позната, призната и неодминлива личност во македонската дијаспора и во Македонија.

Делото *„Творештвото на Славе Катин“ (Првото издание)* е отпечатена на 400 страници, а *„Творештвото на Славе Катин“ (Второ проширено издание) е отпечатено на* 510 страници на македонски и на англиски јазик, чиј рецензенти се проф, д-р Вера Стојчевска-Антиќ, Александар Донски и Славе Катин. Второто дело е посветено на *„Наградата за животно достигнување“ (2022),* за Славе Катин од организацијата „Обединетата македонска дијаспора“ (ОМД) од Вашингтон, (САД), за постигнувањата на полето на дијаспората.

Публикациите *„Творештвото на Славе Катин*“ се дела на поетот, драматургот и претседател на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ Душан Ристевски-Македон.Тие се значајни и по многу нешта единствени монографии од овој вид кои се посветени на публицистичката дејност на доблесниот Македонец, истакнат и докажан новинар, духовен посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја. Публикациите претставуваат исцрпен осврт за делата на Славе Катин кои се однесуваат на вистината на неговото творештво кое е посветено на македонското иселеништво ширум светот, на црковно-духовниот живот, на потеклото, животниот пат и постигнувањата на голем број познати личности во дијаспората и во Македонија.

Публицистот Славе Николовски-Катин кој е познат само како Славе Катин е книжевник, журналист, публицист и аналитичар на Македонците во светот. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот, на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и на Античка Македонија. Славе Катин е вљубеник во својата татковина Македонија, во македонскиот народ насекаде по светот, а за тоа секогаш го водела светата мисла да остави вечни траги за идните македонски генерации.

Неговото име е познато, признато, уважено и респектирано на низа полиња и децениски потврдено во македонските заедници во светот, македонските православни општини, цркви и манастири во светот, македонските друштва, информативните гласила и друг

вид асоцијации во дијаспората. Славе Катин е борец за самостојна, независна и културно-духовно обединета етничка Македонија и за обединување на македонскиот народ во иселеништвото, особено во Република Македонија.


ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН
ТВОРЕШТВОТО
НА СЛАВЕ КАТИН
II ПРОШИРЕНО ИЗДАНИЕ
СЛАВЕ КАТИН
МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ КАТИН
ПЕЧАЛБАРСКИ КОПНЕЖ
МАКЕДОНСКИОТ ИСЕЛЕНИЧКИ ПЕЧАТ
STEVE PLAKES
СТИВ ПЛАКАС
JАНОВСКИ
JANOVSKI
КАТИН
KATIN
СВЕТОТ НА ДЛАНКА
АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ
ВИДИНОВСКИ
VIDINOVSKI
SLAVE KATIN

[illegible]



**Пишува: Тоде Кабровски**